**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

**Фонд за научно-истражувачки и уметнички дејности**

**ПРОЕКТНА СОРАБОТКА МАНУ-САНУ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

**Образец ОБ-2а**

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:** **„Процена на предусловите за туристички активности во руралните напуштени простори - компаративна студија меѓу Македонија и Србија“**

**РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ:** Акад. Владо Матевски

**ТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** **од:** 2018 **до:** 2020

**БРОЈ НА ДОГОВОР:** 07-1521/1 **од:** 28.05.2018 год.

**ИЗВЕШТАЈНА ГОДИНА:** 2018

**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ:** 29.11.2018

## 1. УЧЕСНИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА:

**СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД МАКЕДОНИЈА:**

Акад. Владо Матевски, Македонска Академија на Науките и Уметностите (раководител на проектот)

д-р Билјана Петревска, вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика (координатор на проектот)

д-р Никола Димитров, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

д-р Петар Намичев, вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Ликовна академија

**СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД СРБИЈА:**

Акад. Олга Хаџиќ, Природно математички факултет, Универзитет во Нови Сад

д-р Александра Терзиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ (раководител на проектот)

д-р Марија Дробњаковиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

д-р Марко Петровиќ, научеб соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

д-р Злата Вуксановниќ Мацура, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

мср (мастер) Марко Филиповиќ, истражувач соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА:

Табела 1. Збирен приказ на проектни активности за период 01.07-31.12.2018

| Р. бр. | Активност | Опис | Време |
|---|---|---|---|
| 1 | Иницијално теренско истражување - обиколка на рурални простори | - Охридски регион<br>- Мавровско-Дебарски регион<br>- Скопска котлина (Катлановски регион) | 11-13.10.2018<br>19-21.10.2018<br>24.11.2018 |
| 2 | Учество на меѓународна конференција во Лозница, Тршиќ (Србија) во организација на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ | Презентирање научно-стручни трудови | 29-30.10.2018 |
| 3 | Работни состаноци во Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ, Белград | Усогласување на методологијата за истражување | 09.11.2018 |
| 4 | Работилница во Факултетот за туризам и бизнис логистика, УГД | Усогласување на концептот за студијата | 06.12.2018 |

*Забелешка*: Активностите бр. 1-3 се реализирани согласно усвоениот План на активности за 2018 год. Активноста бр. 4 е планирана и ќе се реализира во декември 2018 год.

**Детален опис на реализираните активности согласно табела 1**

1. Иницијално теренско истражување - обиколка на рурални простори

Тим од истражувачи-професори на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, реализираа 3 теренски истражувања, и тоа 2 во октомври, и 1 во ноември. Посетени беа 14 населени места (села) во три различни географски региони. Целта беше обиколка на руралните средини и иницијална проценка на можностите за обавување туристички активности.

Првото теренско истражување се реализира на 11-13.10.2018 година во Охридскиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Куратица, Брежани и Велмеј. По обиколката на терен, согласно критериумите за мапирање на потенцијални локации за проценка на предусловите за туристички активности, заклучено е дека генерално селото Куратица може да биде предложено за понатамошна подетална анализа со цел да биде идентификувано како самостојна дестинација. Од друга страна, селата Велмеј и Брежани имаат одреден потенцијал, но само под услов да се разгледуваат како дестинација составена од група од две села.

Второто теренско истражување се реализира на 19-21.10.2018 година во Мавровско-Дебарскиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Никифорово, Леуново, Јанче, Гари и Тресонче. По обиколката на терен, заклучено е дека Јанче, Гари и Тресонче може да бидат идентификувани како една дестинација (група села) за понатамошна анализа. Воедно, оставен е простор селата Селце и Росоки (во непосредна близина на Тресонче) да бидат дополнително посетени и истражени.

Третото теренско истражување се реализира на 24.11.2018 година во повеќе населени места во Скопската котлина (Катлановски регион). Поконкретно, беа посетени селата: Блаце, Бадар, Кожле, Ржаничино, Долно Коњаре и Средно Коњаре. Со исклучок на Блаце, сите останати села не ги исполнуваат дефинираните критериуми за избор во локација за понатамошна анализа.

Како резултат на теренските истражувања прибрани се податоци за:

- Природни мотиви на селскиот атар (краток опис на теренот, планина, шума, чиста средина, видиковци, вид шума, интересни геоморфолошки облици - карпи, пештера, извор, река и сл);
- Етноамбиентални и други посебности (архитектура, фолклор, традиција, храна-вино, селска слава, манифестација и сл.);
- Антропогени мотиви (археолошки локалитети, верски објекти, споменици, манифестации и сл.);
- Објекти/лица вклучени во туристички активности (бифе, ресторан, воденица, училиште, спомен обележје и сл.);
- Комуникативно-рецептивни мотиви (Инфраструктурна опременост: пат, водовод, канализација, телекомуникациска покриеност, приватни соби, хотел, ресторан и сл.);
- Можности за туристички активности (пешачење низ селскиот атар, планинарење, велосипедизам, јавање со коњ, магаре, други специфики).

2. Учество на меѓународна конференција во Лозница, Тршиќ (Србија) во организација на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ

На 29-30.10.2018 год. проф. д-р Никола Димитров присуствуваше на меѓународната научна конференција „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and

contemporary trends in human geography" во Лозница, Тршиќ, Србија. Покрај презентирање на својот труд, остварена е кратка работна средба со колегите од српскиот тим и разменети се искуства. Во зборникот од конференцијата објавени се трудови во коавторство со српскиот тим на САНУ.

3. Работни состаноци во Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ, Белград

На 09.11.2018 год. проф д-р Билјана Петревска присуствуваше на серија работни состаноци со дел од членовите на Српскиот проектен тим. Главна цел беше усогласување на методологијата за истражување. Посебно беа дефинирани прашањата за ширината на опфатот на примерокот и усогласување на поимното значење на термините „село", „населено место", „ретко населено" и „напуштено". Постигната е согласност дека во студијата нема да се обработуваат веќе афирмирани простори/населени места, туку оние рурални простори (село или група села) кои имаат потенцијали за развој на туризмот и истовремено се во туристички атрактивен простор (пр. близина на поголеми туристички центри, планина, бања, езеро итн.), но до сега не успеале да се пласираат на туристичкиот пазар. Дефинирани и усогласени се потесни критериуми за идентификување на потенцијални локации за истражување, заедно со индикатори за одржливост.

4. Работилница во Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ), Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (наставен центар Скопје)

Во декември 2018 год., планирана е работилница во организација на тимот од Македонија. Целта е усогласување на концептот за компаративната студија.

## 3. ОБЈАВЕНИ РЕЗУЛТАТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

**а) Објавени научни трудови:**

**во земјата:** /

**во странство:** **3**

Список на трудови објавени во Зборникот на трудови од меѓународната конференција „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography", Лозница, Тршиќ (Србија), 29-30.10.2018, во организација на Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ:

- *Namicev, P.*, Vuksanovic-Macura, Z. & *Petrevska, B.* (2018). Vernacular architecture in Macedonia and Serbia: a comparative study. Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography", Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, p. 243-252.
- *Dimitrov, N.* (2018). The territory of the Republic of Macedonia in the book Balkan Peninsula and the South Slavic lands of Jovan Cvijic (1918-2018). Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography", Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, p. 17-27.
- Terzic, A., *Angjelkova Petkova, T.* & Petrovic, M. (2018). Cvijic's civilization zones, longitudinal and transversal routes as a base of contemporary cultural routes. Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography", Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, p. 71-84.

**б) Трудови презентирани на научни собири:**

**во земјата:** /

**во странство:** **3**

На 29-30.10.2018 год. на меѓународната конференција „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography” одржана во Лозница, Тршиќ (Србија), презентирани се 3 труда, и тоа од страна на:

- Проф. д-р Никола Димитров од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, го презентираше самостојниот труд „The territory of the Republic of Macedonia in the book Balkan Peninsula and the South Slavic lands of Jovan Cvijic (1918-2018)“;
- Александра Терзић од Географскиот Институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ, презентираше труд во коавторство со Тања Ангелкова-Петкова и Марко Петровић: „Cvijic’s civilization zones, longitudinal and transversal routes as a base of contemporary cultural routes“; и
- Злата Вуксановнић Мацура од Географскиот Институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ, презентираше труд во коавторство со Петар Намичев и Билјана Петревска: „Vernacular architecture in Macedonia and Serbia: a comparative study“.

## 4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ОСТВАРЕНА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА:

Во периодот јули-декември 2018 год. остварени се неколку средби со членови од српскиот тим со цел дефинирање на проектни активности, и тоа:

- Во октомври 2018 год., остварена е средба во Лозница, Тршиќ (Србија) по повод учество на меѓународна конференција и презентирање заеднички трудови;
- Во ноември 2018 год., остварена е средба во Белград (Србија) во Географскиот Институт „Јован Цвијиќ“ по повод усогласување на методологијата за истражување; и
- Во декември 2018 год., планирано е да се оствари средба во Скопје (Македонија) во наставниот центар на Факултетот за туризам и бизнис логистика по повод усогласување на концептот за компаративната студија.

**6. КУСА СОДРЖИНА НА ПЛАНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ВО СЛЕДНАТА ИСТРАЖУВАЧКА ГОДИНА:**

Планирани активности во 2019 година:

- Кабинетско истражување за понатамошно идентификување на ретко населени рурални простори во Македонија;
- Теренско истражување низ селектирани рурални средини во Македонија за реална проценка на нивниот потенцијалот за туристички активности;
- Учество на меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси и презентирање самостојни и заеднички трудови во коавторство со српскиот тим;
- Публикување научно-стручни трудови во домашни и меѓународни списанија (самостојни и заеднички трудови во коавторство со српскиот тим);
- Работни состаноци во Македонија и Србија за дефинирање на подготовката за нацрт-верзијата на компаративната студија;
- Организирање работилница за усогласување на првата верзија на компаративната студија со прелиминарните резултати од истражувањето.

**7. УЧЕСНИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО СЛЕДНАТА ИСТРАЖУВАЧКА ГОДИНА:**

**СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД МАКЕДОНИЈА:**

Акад. Владо Матевски, Македонска Академија на Науките и Уметностите (раководител на проектот)

д-р Билјана Петревска, вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика (координатор на проектот)

д-р Никола Димитров, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

д-р Петар Намичев, вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Ликовна академија

**СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД СРБИЈА:**

Акад. Олга Хаџиќ, Природно математички факултет, Универзитет во Нови Сад

д-р Александра Терзиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ (раководител на проектот)

д-р Марија Дробњаковиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

д-р Марко Петровиќ, научеб соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

д-р Злата Вуксановниќ Мацура, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

мср (мастер) Марко Филиповиќ, истражувач соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ